Зоран НАЦЕВ УДК: 355.45:323.22(487.7)

# ЛАТЕНТНИ ДЕСТАБИЛИЗИРАЧКИ ФАКТОРИ И БЕЗБЕДНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Кратка содржина***

*По завршувањето на конфликтот во 2001 год. во земјава се случија крупни промени, особено во делот на положбата и улогата на малцинствата во севкупниот општествен живот на Р. Македонија. Покрај тоа, кај поголемиот дел од граѓаните е присутно уверувањето дека лошите настани се заднас, на што континуирано укажуваат и не убедуваат и носителите на власта. Но дали оптимизмот е доволна основа за попречување на некои латентни проблематични состојби, настани, процеси и тенденции, кои егзистираат или постапно созреваат и се обликуваат како такви во одделни сегменти и структури на општественото живеење. Токму идентификација на истите, со образложенија зашто тие можат да бидат потенцијални закани за стабилноста и безбедноста на Р. Македонија, е основен предмет на разгледување во трудот. Притоа, во анализата се концентрираме само на основните можни дестабилизирачки фактори а се однесуваат на прашањата врзани за уредување на односите во државата, имплементација и правична застапеност на малцинствата во државните органи, за децентрализација и локалната самоуправа, како и можен иден статус на Косово и безбедноста на Р. Македонија.*

***Клучни зборови:*** *БЕЗБЕДНОСТ, КОНФЛИКТ, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, ЗАСТАПЕНОСТ, СТАТУС.*

## Вовед

Националната концепција за безбедност и одбрана и Стратегискиот одбранбен преглед се два базични доктринарни документи на Р. Македонија кои ја обликуваат и платформираат новата визија за развој на ова дејност во наредниот повеќегодишен период. Изнесените погледи, ставови и решениа во нив, всушност значат, втемелување и трасирање на нашиот приод за влез во НАТО и ЕУ.

Според оценките на релевантни домашни и европски авторитети од оваа проблематика, се работи за оптимални решенија во безбедноста и одбраната кои соодвестуваат на националните потреби

и можности, но и овозможуваат адекватно вклучуваење на Р. Македонија во евроатлански интегративни процеси. Се смета дека со остварување на зацртаното, конечно ќе излеземе од непримерено долгиот период на транзиција во оваа сфера, за што поттик и основа преставува Рамковниот договор, соодветните измени во Уставот и постапното безбедносно стабилизирање на земјата.

Но, со донесувањето на Концепцијата и Прегледот се создадени основни и нужни предиспозиции за раздвижување на работите во посакуваната насока. Овие документи сами по себе не се доволен гарант дека лошото е зад нас, ако определбите не заживеат во практиката во вид на системски решенија. Нивната адекватност во многу нешта е врзано за проценките на заканите по Р. Македонија изнесени во двата доктринарни документи. Имено, заканите се основни периметри врз кои се превземени или допрва ќе се превземат мерки и активности од концептуален, стратегиски, системско-оперативен и легислативен карактер. Во оваа смисла, според проценките, како основни закани кои можат да ја загрозат и дестабилизираат земјата доаѓаат од страна на т.н. „недржавни противници". Односно, како основни закани, ризици и опасности по Р. Македонија, се нагласува дека се: екстремниот национализам, расната и верската нетрпеливост, меѓународен тероризам, организиран криминал, нелегална миграција, нелегална трговија од сите видови, корупција, урбаниот тероризам, тешкиот криминал, економскиот криминал, даночна евазија, активности на странски специјални служби, елементарни и други непогоди, техничко-технолошки катастрофи, епидемии, компјутерски криминал и деградација и уништување на животната средина.

Но, да ли посочените закани, опасности и ризици, по опфат и содржина одговараат на нашата реалност или тие се идентификувани како универзално постоечки од кои не е имуна речиси ниту една земја во светот, со разлики во нивното манифестирање.

Да ли на овој начин апострофираните закани во некоја смисла не значи и одбегнување на потенцирање на некои веќе видливи или латентни состојби, процеси, тенденции и настојувања кои се специфични, важат и се однесуваат само за Р. Македонија, а можат да прераснат во дестабилизирачки фактори.

Токму тоа и ќе биде предмет на разгледување во овој труд, а се однесува на елаборација на потенцијални жаришта од внатрешен карактер кои не се нагласени во официјалните документи а се чувству-

ваат во одделни сегменти и аспекти на општественото живеење, кои ако навреме не бидат санкционирани може да доведат до ситуација како онаа во 2001 год. или со уште подеструктивни и подалекусежни последици по Р. Македонија.

Во оваа смисла ќе говориме за прашањето за уредување на државата, за правичната застапеност на малцинствата во државните структури и општо за поларизацијата во истите и за децентрализацијата и новата улога на локалната самоуправа. Покрај ова, преку неколку става ќе ги изнесеме нашите видувања за Косово и тоа по однос на варијантите за решавањето на конечниот статус на Покраината и можните безбедносни импликации врз Р. Македонија.

**Основни видувања и ставови**

Сеуште се активни некои лидери и нивни приврзаници за кои интерактивниот пристап во решавањето на проблемите е недоволно прифатлива солуција во односите меѓу заедниците во Р.Македонија. Наспроти тоа се промовираат и создаваат предиспозиции за зацврснување на старата идеја, кај најголемата албанска заедница, дека тие припаѓаат и треба да се придружат кон друга (нова) држава. Други пак, имајќи ги предвид големите разлики во територијалната распределба на заедниците, особено на албанското малцинство, ги заговараат федералните начела на уредувањето на земјата, како замена на постоечкиот унитарен карактер на државата. Екстремистите пак го заговараат правото на националното самоопределување до одцепување.

Како одговор на посочените концепти, Р. Македонија се определи за комбинација на колективни права на малцинствата во едно мултикултурно и мултинационално општество и исто таква држава, заедно со правата на поединците, кои државата во потполност ги гарантира. Засега, изгледа дека тоа е најмалку конфликтен начин на артикулирање на една демократска државна политика која не се раководи со идејата за создавање на еднонационална држава. Ова треба да биде соодветно разбрано од поширокиот круг на македонските албанци и други малцинства, со инсистирање за нивен соодветен и очекуван придонес во давањето на дополнителна енергија за успех на поставената платформа. Треба да се разбере дека не може постојано да се игра на картата дека некои субјекти и заедници се

систематски и „вечно“ обесправени, кога и релевантните меѓународни институции се согласни за изузетно високиот степен и стандард на правата и заштитата на малцинствата во Р. Македонија. Очигледно е дека новата реалност, некои албански политички партии и нивните лидери не се спремни докрај да ја прифатат, бидејќи тоа жестоко ги негира нивните досегашни образложенија кои им овозможија долго време да се вгнездуваат во пазувите на власта и моќта.

Без оглед што некои оваа фаза на развој на македонското општество го нарекуваат експеримент, невозможна мисија и сл., вреди труд заложбите да се остварат докрај.

Следниот сегмент, кој не е од концептуална природа туку е повеќе од оперативно-прагматичен карактер, се однесува на вклучувањето на припадниците на малцинствата во органите на државната власт и во јавните установи. Веќе спомнавме дека тоа е една од суштинските заложби, особено кога е во прашање војската и полицијата. За да не се свати погрешно, напоменуваме дека малцинствата и досега беа застапни во државниот апарат, но во број и процент кој бил на незадоволително ниво, во однос нивниот вкупен број во земјата.

За причините на таквата поранешна состојба, потребни се поопфатни истражувања, но искуствените сознанија се дека тие не се само од режимска природа туку и дека субјективните елементи биле важен партиципиент во создавањето на таквата ситуација. Како и да е, со силна акција и ангажирање, преку прифатливи модели, со скусени дополнителни постапки за задоволување на основните критериуми, голем број на припадниците на малцинствата (доминантно албанското) се работно вклучени или се во завршна фаза за влегување во државните структури. Акцијата по форма можеби изгледа кампањска, но идејата и трајна ориентација е тие да го понесат товарот на одговорноста во работењето на државните институции. Со тоа би требало да се елеминираат повеќегодишните забелешки дека малцинствата се обесправени, дека немаат пристап до институциите на системот и сл. Значи, просторот е создаден, на потег се тие кои имаа формални квалификации и „среќа“ да ја искористат приликата.

Колку новопримените се навистина стручни, оспособени и мотивирани за извршување на релативно сложените задачи во државната администрација, особено во војската и полицијата, или пак дали вистинските луѓе ги завземаа тие позиции, е друго прашање. Основно е

дека тие се дел од општиот ангажман, на успехот или неуспехот во реализацијата на договореното, усвоеното и законското, а одговорноста станува неделива. Ако доминира мислата дека нивното вработување е по заслуга, како дел од наградата и сл., без да се покажат резултати во работата, повторно е можно да се соочиме со веќе видените проблеми од типот „јас сум тука бидејќи припаѓам на малцинството и тоа е доволно“, односно формалното да доминира над суштинската проекција. Во овој дел, најверојатно се наоѓа и основата за можните недоразбирања и конфронтации, што ќе бара извореден напор во согледување на состојбите и изнаоѓање на адекватни превентивни решенија.

Од друга страна, повеќегодишната практика е многу лојални и способни чиновници, војници, полицајци и др., да се тргнат на страна или да се отпуштат само заради „асоцијативна“ вина или поврзаноста со минатиот режим, а на нивни места да се донесат неспособни и некомпетентни, но партиски сили кои „колонизаторски“ се однесуваат од завземените административни положаи или функции. Оваа поставена практика, која веќе може да се окарактеризира како вообичаено право или правило е еден од многу значајните фактори кои ги кочат промените во позитивна смисла. Затворениот круг на ротација на „свои“ кадри е главна „партиска игра“ на партиципиентите во власта, која веќе ги покажува своите негативни импликации и излегува од контрола на најодговорните челници.

Од друга страна, неискуството на новопримените албански македонци во државната служба ќе треба да се толерира извесно време, со цел создавање на основи за нивно подолгорочно и ефикасно етаблирање. Всушност, доминатниот напор ќе треба да биде насочен кон постапно достигнување на чувството за одговорност, почитување на законите, создавање на механизми за елиминирање на неконвенционално и од случај на случај решавање на проблемите, во кои личниот интерес или за каузата, би се препознавал. Но, ако дојде до драстично спласнување на интересот на малцинствата за работа во државните органи од повеќе причини, реална е опасност тоа да се користи за промовирање на екстремни и радикални опции и враќање на веќе видените позиции во односите меѓу мнозинство-малцинство.

Третиот, и можеби најважен внатрешен сегмент се однесува локалната самоуправа. Со измените на Уставот (амандманн: XVII) и

тековните расправи во Собранието на Р. Македонија за обликување на Законот за новата територијална поделба и надлежностите на општините-локалната самоуправа, би требало да се создадат предуслови за вистинска децентрализација и доближување на власта до интересите на граѓаните. Така во Устав (член 115) се вели дека граѓаните „непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашањата од локално значење, а особено во областа на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштита на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон".

Според Концепцијата за национална одбрана и безбедност (точка 48), предвидена е максимално можна децентрализација на полицијата на локално ниво, според европски норми и стандарди и во функција да стане сервис на граѓаните. Посочените одредби јасно ја утврдуваат новата улога на локалната самоуправа. Со промените, би требало да бидат отстранети пречките за побрз развој на населените и руралните подрачја, при што се дефенира и утврдува нова улога и позиција на лидерите во тие средини. Ако досега се имаше разбирање и „поминуваа" образложенијата кај граѓаните дека централната власт е таа која го кроеше и дефинираше општинскиот развој, во наредниот период тоа веќе не може да биде фактор за оправдување на слабостите во раководењето и реализирањето на зацртаните проекти.

Но, дел од опозиционите политички субјекти во земјава, како и одделни научни работници, стравуваат дека предложените решенија околу територијалната поделба па и некои ингеренции на локалната самоуправа, всушност претставуваат поинаков обид за федерализација на земјата, особено кога се работи за чисто етнички или мешани средини во кои мнозинство се албанци. Хипотетички гледано, за разлика од сегашните настојувања, можеби критичарите на концептот се во право. Приврзеник сум на тоа прво да дојде до заживување на проектот, а покажаните слабости не е никогаш доцна да се корегираат, а нив ќе ги има и во делот на легислативата и во она што значи субјективен фактор. Некои локални лидери и нивните непосредни соработници, оптоварени со минатото, задоени со ретроградни идеи и сваќања за иднината, можно е позицијата да ја искористат за екстремно-националистичко делување, особено во западниот дел на Р. Македо-

нија. Всушност, тестот за вистинската ориентација на албанската заедница ќе биде изразено токму преку функционирањето на локалната самоуправа во чисто албански и мешани средини во кои тие доминираат. Застапеноста и вистинското сплотување на малцинствата во републичките институции може да се покаже како полесниот дел од работата одколку во локалните средини.

Не треба да се испушти предвид и фактот дека во земјата е присутна непримерена поларизација на граѓаните по партиска припадност кое свој врв, фијаско или нормализација, ќе го има токму на локално ниво. Можно е и по овој основ да се очекуваат драстички примери на авторитарно или султанистичко однесување во оделни самоуправи, што лесно може да се изроди граѓаните, правдата и правото да го бараат преку граѓанска непослушност, а во екстремни варијанти и на „барикадите“ со оружје в рака.

Последниот сегмент се однесува на нашето непосредно соседство, особено на Косово. Она што се случува околу нас, знае да биде од исклучително значење за Р. Македонија. Напорите кои се вложуваат од наша страна одат во насока на релаксирање и создавање на поинакви односи со нашите соседи и пошироко, во однос на минатите времиња. Резултатите се евидентни, особено на безбедносен и стопански план. Духот на соработка, помош, заеднички настап, транспарентност и сл., е преферирана димензија во односите, наспроти доскорашните кои беа обременити со многу проблеми, што не значи и дека тие целосно се и елеминирани.

Општа проценка е дека настојувањата и желбите за напредок, просперитет и вклучување во интегративните европски процеси на земјите од т.н. Западен Балкан, внесоа нов импулс и атмосфера меѓу државите во регионот и покрај присутните внатрешни превирања и проблеми наследени од минатото и од тешките транзициони предизвици. Извлекувањето на секоја од поранешните реалсоцијалистички држави, од бремето на старите времиња и приклонување кон новите барања оди со различно темпо и успех, при што диференцијата е одраз како на внатрешните состојби така и од надворешните геополитички и геостратегиски интереси на одделни западни и воневропски држави. Она што е битно, тоа е дека земјите од регионот јасно ги опсервираа крајните цели, правилата на однесување и приоритетите како услови за европизација на своите општества.

Во тие рамки и за Р. Македонија доминантен стратегиски интерес е влез во ЕУ и НАТО, а се разбира, по задоволување на определени стандарди, кон кои се стремиме да ги оствариме во еден разумен временски период. Дали истите ќе ги достигнеме зависи од нас, но и од случувањата во непосредното соседство кои можат истите да го попречат. Притоа, мислиме пред се на дефинирањето, прифаќањето и заживувањето на идниот статус на покраината Косово од страна на непосредно заинтересираните субјекти. Најави за можноста Р. Македонија во скоро време за сосед да добие нова држава (петта по ред), во домашната јавност различно се толкува и во зависност од етничката припадност на граѓаните.

За дел од албанските македонци тоа е чекор до големоалбанската фикција а за останатите вовед во ново конфронтирање. Односно, било каков нов обид за картографско и фактичко прекројување на Р. Македонија, во смисла на редукција на нејзината сегашна територијална целокупност, ќе предизвика граѓанска војна во која крајна цел ќе биде опстанок на едните или другите.

Промовирање на екстремна варијанта за развој на настаните треба да се компензира преку ангажирање на надворешните авторитети како што се ЕУ и САД, чии став, однос и решение за албанската заедница во Р. Македонија и воопшто за албанците во регионот, ќе значи реална, конечно и нужно прифатливо решение. Надворешното влијание во оваа смисла е од исклучително значење, но и домашните власти и лидери, без оглед на припадноста, ќе треба да го преземат својот товар на одговорноста во сузбивањето на настаните кои би оделе на штета на Р. Македонија.

**Заклучок**

Врз основа на важечките научно-теоретски видувања, анализата на званичните документи, моменталната состојба во која се наоѓа Р. Македионија, латентните и изразените тенденции во функционирањето на одделни сегменти на општеството, лоциравме неколку области во кои проценуваме дека можат да се очекуваат определени проблеми во наредниот период, со предиспозиции битно да влијаат врз безбедносната состојба во земјата. Тие се главно од внатрешен карактер.

Како прво го потенциравме континуитетот на политичките судрувања врзани за сегашниот унитарен карактер на уредувањето на Р. Македонија во смисла на преиспитување на тој концепт од страна на одделни општествени групи и поединци и промовирање на веќе видени и слушнати федералистички или други сецеионистички решенија. Тоа пред сѐ се однесува на некои екстремистички структури од албанската заедница при што не е исклучена можноста таквите размисли да провејуваат и кај некои челници припадници на македонскиот народ, при што екстремот кон што ќе се тежнее се однесува на можното прекројување на границите на Р. Македонија и приклучување на нејзините делови кон друга постоечка или замислена нова државна заедница.

Интензивирањето на промотивните кампањи за таквите идеи и евентуалното проширување на кругот на приврзаници кон истите, ќе зависи од многу околности, при што сметаме дека слабите државни институции, бавното доближување до евроатленските структури и „ненадејни“ пресврти и настани на нашата северна граница, се на врвот на скалата на значење.

Другиот сегмент, кој на определен начин е поврзан со претходното, се однесува на успешното имплементирање и суштинско вклопување на малцинствата во државните структури, нивниот адекватен придонес во остварувањето на функциите и дејноста на истите. Ако надвладее формалната страна на оваа заложба, без нивна адекватна сплотеност во организационите структури со одсуство на чувство дека извршуваат одговорни задачи за потребите на својата држава и нејзиниот напредок, враќањето назад ќе стане неминовен процес. Односно, неостварувањето на концептот за „одржлив развој“ во овој дел или пак преферирањето на ангажманите за сопствената кауза, на сметка на другите, може да продуцира редица ретроградни и конфликтни ситуации на микро план, чија кумулативна димензија директно ќе се почувствува во функционирањето на целокупниот државен апарат, а особено во безбедноста и одбраната.

Престојната децентрализација на власта и трансформирање на голем дел од надлежностите и ингеренциите од републичко на локално ниво, предвидено да почне во текот 2005година, покрај редица позитивности, можно е во одделни средини да предизвика и донесе нови проблеми и конфликти. Очигледната поларизација на граѓаните

на Р. Македонија по повеќе основи, особено е изразена во помали општини, во етнички мешани средини, што со новата улога на локалните лидери и власта, може уште повеќе да се продлабочи. Тоа особено ако локалните челници, новата улога ќе ја разберат како неприкосновано и неограничено право за одлучување, надополнето со примена на авторитарни или султанистички методи на управување со „поседот". Во такви случаеви, можно е да се очекува примена на широк спектар на заштитни механизми од страна на оние со кои се владее, почнувајќи од пасивна резигнација, граѓанска непослушност, па дури и излегување на „барикади" со оружје в рака, со цел остварување на правата и потребите.

Во дел од етнички мешаните средини, а особено ако доминира албанското малцинство, можно е да се очекува функционирањето на локалната власт да биде предиспонирано со сваќањето дека овој концепт е всушност пандам и преодна фаза на федералистичката опција на уредување на Р. Македонија, за чие остварување е потребно создавање на „чиста" етничка средина, со примена на најразлични методи. За соживот и комплементарност на вредностите во остварувањето на заедничките потреби во такви средини тешко ќе може да стане збор, напротив, конфликтните ситуации најверојатно ќе ги засенат добрите нешта.

Во последниот дел од трудот говориме за идниот статус на Косово од аспект на безбедноста на Р. Македонија, при што истакнуваме дека соодветно решавање на овој проблем во координација и во согласност на ООН, ЕУ, САД, а особено на граѓаните на Покраината е од извонредно значење за позицијата и стабилноста на нашата земја и регионот, и обратно, инсистирањето и дејствувањето за задоволување само на интересите на косовските албанци, со примена на радикални проекции и мерки суштински ќе влијае на стабилноста Р. Македонија. Во тој контекст, во наш интерес би било решавањето на дефинитивниот статус на Косово да се одолжи се до нашето влегување во НАТО и обратно, најавите дека во 2005 година би требало да се реши овој проблем, со преферирање на независност, може во многу нешта да ги искомплицира работите на овој простор, а на штета на Р. Македонија.

(Рецензент: *проф. д-р Трајан Гоцевски)*

## ЛИТЕРАТУРА

Нацев, З., Доктрина, теоретски основи и стратегија на националната одбрана, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1988.

Кузев, С., Стратегија за одбрана, Југореклам, Скопје, 2001.

Гоцевски, Т., Основи на системот на националната одбрана, Европа 92, Кочани.

Група автори, Сувремени системи националне сигурности, Свеучилиште у Загребу, Загреб, 1999.

Ѓорѓиевски, В., Сите војски на светот, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1995.

Димишковски, С., Основи на националната одбрана на Р. Македонија, НИП Глобус, Скопје, 1996.

Pouzn, B., Izvore vojne doktrine, VINC, Beograd, 1992.

Dunnigan, J., Kako voditi rat, VINC, Beograd, 1993.

Ahlstrom, C., and Norfquist K., Casulties of Conflict, Sweeden, Uppsala University, 1991.

Arguilla, J., Dubios Battles, Washington D. C., Crane Russak, 1992

Buzan, B., People, States and Fear, Harve ster Wheatsheat, 1991.

Wright, D., A Study of War, Chikago, 1951.

Brezezinski, Z., Out of Control, New York, Charles Scrinbner's Sons, 1993.

Schelling, T., The strategy of conflic, Hardvard University, Cembrige, Masschuseets, London, 1994.

Zoran NACEV

## LATENT DESTABILISATION FACTORS AND THE SECURITY OF R. MACEDONIA

### Abstract

*After the conflict in the year 2001 had finished, a lot of enormous changes happened in our country, especially concerning the position and the role of the manorities in the public life in the R. Macedonia. Besides that, the larger partion of the citizens is convinced that the bad events are behind us, on which the bearers of the powers constantly point out. But is optimism*

*enough to stop some latent and problematic situations, events, processes and tendencies, which exist or gradually grow and form themselwes in distinct segments and structures of public life. Their identification, with explainatious why they might be potential threat for the stability and the security of R. Macedonia, is the basic issue for analyzing the labour. With that in the analysis we concentrate only on the basic possible destabilating factors, and it refers to the questions related to the organization of the relations in the country, the implementation and the legal reprezentation of manorities in the organs of the government, for decentralization and the council municipality and this is probable the coming status of Kosovo and security of R. Macedonia.*

***Key words:*** *SECURITY, CONFLICT, IMPLEMENTATION, REPRESENTATION, STATUS.*